ФАКТИ И БРОЈКИ

СВЕТСКИ ДЕН НА ТОАЛЕТИТЕ 2016

Тоалети и работни места

Светскиот ден на тоалетите, 19 ноември, е ден за преземање акција во интерес на 2,4 милијарди луѓе кои живеат без тоалети. Оваа година, темата „тоалети и работни места“ се фокусира на тоа како санитацијата, или недостигот од неа, може да влијае врз животот на луѓето.

ФАКТИ:

• 2,4 милијарди луѓе живеат без подобрена санитација (Светска здравствена организација (WHO)/UNICEF 2015).

• Едно од десет лица нема друг избор освен за дефекација на отворено (WHO/UNICEF 2015).

• Дијареа предизвикана од лошите санитарни услови и небезбедна вода убива 315.000 деца секоја година (WASH watch 2016).

• Пренесувањето болести на работа, најчесто предизвикано од лошата санитација и хигиена, е причина за 17% од сите смртни случаи на работното место (Меѓународна организација на трудот (ILO) 2003).

• Губењето на продуктивноста поради болести предизвикани од недостиг на санитарни и лоши хигиенски практики се проценува дека многу земји ги чини до 5% од БДП (Hutton 2012).

ТОАЛЕТИТЕ ИМААТ МОЌ ДА ГИ ТРАНСФОРМИРААТ ЕКОНОМИИТЕ

• Недостатокот на тоалети на работа и дома има сериозни влијанија врз бизнисите преку проблеми во работната сила: лоша здравствена состојба, отсуство од работа, ослабување, намалена концентрација, исцрпеност и намалена продуктивност (Бизнис за општествена одговорност (BSR) 2010).



• Исполнување на таргетот од Милениумските развојни цели во 2015 50% лица да имаат пристап до санитација и чиста вода за пиење се проценува да ги намали боледувањата за 322 милиони секоја година, што е годишна заштеда во здравствениот сектор од 7 милијарди долари. (Меѓународен институт за вода од Стокхолм (SIWI), 2005).

• Глобално, приближно 260 милијарди долари се губат годишно поради лоша санитација и небезбедна вода во многу аспекти на економијата, но најзначајно во здравствената заштита (Hutton 2012).

• Обезбедувањето тоалети за лицата во рурални средини кои сега практикуваат отворена дефекација се проценува да резултира со корист која ќе ги надмине трошоците приближно од пет до седум пати (Hutton 2015).

• Во Индија, времето поминато во барање тоалет, или наоѓање каде да се оди на отворено ја чини економијата повеќе од 10 милијарди долари секоја година како изгубена продуктивност - 20% од БДП (World Bank Group 2016).

• Дијареата предизвикана од небезбедна вода, лоша санитација и хигиена е поврзана со 50% од детската неухранетост, која може да доведе до инхибиран физички и ментален развој (WHO 2008).



ТОАЛЕТИ НА РАБОТНО МЕСТО ЈА ЗГОЛЕМУВААТ ПРОДУКТИВНОСТА

Нивоата на пристап до тоалети на работното место го одразуваат нивото на пристап до тоалети во домот. Има многу малку податоци да ни кажат колку работници немаат пристап до тоалети, но, на пример само 40% од урбаната популација во Суб-сахарска Африка има пристап до тоалет во домот(WHO/UNICEF 2015).

Каде што има тоалети, голем проблем за многу работници е начинот на кој менаџментот ги контролира паузите за тоалет. Доколку пристапот е ограничен, луѓето се воздржуваат од потребата да одат, дури избегнуваат храна и пијалок за да го минимизираат бројот на посети на тоалетот. Покрај непријатностите и нелагодноста, ова може да влијае врз здравјето, особено кај жените, доведувајќи до отсуство од работа и болест (BSR 2010).

Губењето на продуктивноста поради болест предизвикана од недостиг на санитација и лоши хигиенски практики се проценува дека многу земји чини до 5% од БДП (Хатон 2012). Во сектори како текстилната индустрија, глобалната работна сила е 80% жени (Бизнис за општествена одговорност 2010). Инвестирање во добри тоалети на работните места и во училиштата, за жените и девојките да имаат чисти, одделни објекти за да се задржи нивното достоинство, и да се менаџира менструацијата или бременоста безбедно, може да го зголеми она што често се нарекува "женски ефект": максимизирање на вклучувањето на половина од населението во општеството (Girl Effect 2015).

• Според податоците на Меѓународната организација на трудот (2003), пренесувањето болести е причина за околу 17% од смртните случаи на работното место секоја година, а повеќето од нив се резултат на лошите санитарни услови и небезбедна хигиена.

• Според една студија во Велика Британија, се проценува дека деновите за боледување ги чинат компаниите минимум 117$ по лице на ден (Braun et al 2014).

Во Скопје, главниот град на Македонија, **НЕМА НИТУ ЕДЕН ЈАВЕН ТОАЛЕТ!!!**

СЕКОЈ ТОАЛЕТ НЕ Е ДОБАР ТОАЛЕТ

Субјективни докази од многу земји со ниски приходи укажуваат дека дури и кога физички постои тоалет на работното место, тоа не мора да значи дека некој има пристап до безбедна, ефикасна санитација. Треба да се запрашаме: дали има доволен број тоалети? Дали тие работат, се чистат, се заклучуваат? Дали постојат посебни објекти за мажи и жени? Дали има вода за пиење, за лицата да мијат раце или жените безбедно да ја менаџираат менструацијата?

ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ТОАЛЕТИ И ДРУГИ САНИТАРНИ УСЛУГИ СОЗДАВА НОВИ РАБОТНИ МЕСТА

Глобалната побарувачка за вода и санитарни услуги се проценува на над 50 милијарди долари (Freedonia 2013), па има огромна побарувачка која треба да биде задоволена. Третирањето на обезбедувањето санитација како долгорочна можност за бизнис, како и остварување на правата на луѓето, може да помогне во забрзу-вање на х`напредокот и да привлече инвестиции.

Во Глобалната анализа на води и проценка на санитацијата и водата за пиење на ОН од 2014 (GLAAS), помалку од 20% од земјите учеснички имаат доволен капацитет да ги задоволат потребите на руралната санитација, а уште помалку од овие земји имаат воспоставени планови за да се поправи оваа празнина (UN-Water, 2014), што бара инвестиции во образованието, развој на наставните програми, и овозможувачки средини.

Олеснување на основањето санитрациски бизниси, како дел од поголемиот план, ќе помогне претприемачите да се развијат и може да го забрза напредокот. Особено во градовите на земјите со ниски приходи, популацијата брзо расте и нивната потреба за тоалети и отстранување на отпад е очајна. Малите водоснабдувачи може да играат витална улога во брзо обезбедување тоалети за луѓето и почеток на трансформацијата во сиромашните области (WaterAid 2016 година).

• Во ЕУ, има повеќе од 2,5 милиони работни места во секторите за управување со цврстиот отпад и отпадните води (Ernst and Young 2006).

• Меѓународната асоцијација за вода (2014) оцени дека јазот на капацитетот за обука на професионалци за вода и санитација за да се постигне универзален пристап до вода и санитација низ 15 земји е над 750.000 лица.

Во ниту еден тоалет во Македонија, ниту во приватните компании, ниту во државните инстиуции нема услови за менаџирање на менструалната хигиена....

Тоалетна хартија нема во тоалетите низ јавните институции и **во здравствените установи**

Ниедна такси станица во Скопје нема пристап до санитација за такси возачите иако плаќаат за лиценца

Во Македонија работниците кои својата работа ја остваруваат надвор од затворени објекти само 3.5% имаат пристап до санитација

Во Македонија во урбаните средини 87% од населението има пристап до санитација, а 13% немаат